# BOSCH

## Professional

## GTS 254



**Robert Bosch Power Tools GmbH**
70538 Stuttgart
GERMANY

**www.bosch-pt.com**

**1 609 92A 72K** (2025.09) PS / 31

1 609 92A 72K

**mk** Оригинално упатство за работа

Македонски........................................ Страница 14




(1)
(2)
(3)
(4)
(5)
(6)
(7)
(8)
(9)
(10)
(11)
(19)
(18)
(12)
(13)
(17)
(16)
(15)
(14)


(20)
(26)
(19)
(25)
(21)
(18)
(23)
(22)


(27)
(28)
(36)
(35)
(29)
(34)
(33)
(31)
(32)
(31)
(30)


a1
(14)
(37)


a2
(38)
(13)

a3




b




c
(27)
(40)
(28)
3–8 mm
0 mm


d
1
2
(8)


e
(42)
(7)


f
(48)
(47)
(48)
(48)
(9)
(48)


g
(9)
(44)
(45)
(43)
(46)


h1
(5)
(3)
(49)


h2
(50)
(51)


i
(53)
(52)
(53)


j
(34)


k1
(7)
(6)


k2
(8)


k3
(35)
(54)
(36)
(55)
(28)


k4
(57)
(28)
(54)(56)(55)


A
Professional
(58)
(18)
(16)
(23)


B
(59)
(3)
(60)


C
(4)
(20)
1
(20)
(10)
2


D
(9)
(10)
(43)
(2)
(62)
(61)


E
(9)
(47)


F1
(25)
(19)


F2
(19)


G
(9) (47) (15)
(3)


H
(5)
(50) (51) (59)


I1


I2
(64) (58)
Professional
GTS 254
(22)
0 5 10 15 22.5 30 35 40 45
(24) (63)
(18) (16)
(65)


J
(67)
(5)
(66)


K
(62)
(68)


L
(69)
(61)
(1)
(43)
(70)


M
(33)
(29)


N
(21)
(12)

# Македонски

## Безбедносни напомени

### Општи предупредувања за безбедност на електрични алати

**⚠ ПРЕДУ-ПРЕДУВАЊЕ** **Прочитајте ги сите безбедносни предупредувања, илустрации и спецификации приложени со овој електричен алат.** Непридржувањето до сите упатства приложени подолу може да доведе до струен удар, пожар и/или тешки повреди.

**Зачувајте ги безбедносните предупредувања и упатства за користење и за во иднина.**

Поимот „електричен алат“ во безбедносните предупредувања се однесува на електрични апарати што користат струја (кабелски) или апарати што користат батерии (акумулаторски).

**Безбедност на работниот простор**

- ▶ **Работниот простор одржувајте го чист и добро осветлен.** Преполни или темни простории може да доведат до несреќа.
- ▶ **Не работете со електричните алати во експлозивна околина, како на пример, во присуство на запаливи течности, гасови или прашина.** Електричните алати создаваат искри коишто може да ја запалат прашината или гасовите.
- ▶ **Држете ги децата и присутните подалеку додека работите со електричен алат.** Невниманието може да предизвика да изгубите контрола.

**Електрична безбедност**

- ▶ **Приклучокот на електричниот алат мора да одговара на приклучницата. Никогаш не го менувајте приклучокот. Не користите приклучни адаптери со заземјените електрични алати.** Неизменетите приклучоци и соодветните приклучници го намалуваат ризикот од струен удар.
- ▶ **Избегнувајте телесен контакт со заземјени површини, како на пример, цевки, радијатори, метални ланци и ладилници.** Постои зголемен ризик од струен удар ако вашето тело е заземјено.
- ▶ **Не ги изложувајте електричните алати на дожд или влажни услови.** Ако влезе вода во електричниот алат, ќе се зголеми ризикот од струен удар.
- ▶ **Не постапувајте несоодветно со кабелот. Никогаш не го користете кабелот за носење, влечење или исклучување од струја на електричниот алат. Кабелот чувајте го подалеку од оган, масло, остри ивици или подвижни делови.** Оштетени или заплеткани кабли го зголемуваат ризикот од струен удар.
- ▶ **При работа со електричен алат на отворено, користете продолжен кабел соодветен за надворешна употреба.** Користењето на кабел соодветен за надворешна употреба го намалува ризикот од струен удар.
- ▶ **Ако мора да работите со електричен алат на влажно место, користете заштитен уред за диференцијална струја (RCD).** Користењето на RCD го намалува ризикот од струен удар.

**Лична безбедност**

- ▶ **Бидете внимателни, внимавајте како работите и работете разумно со електричен алат. Не користете електричен алат ако сте уморни или под дејство на droги, алкохол или лекови.** Еден момент на невнимание додека работите со електричните алати може да доведе до сериозна лична повреда.
- ▶ **Користете лична заштитна опрема. Секогаш носете заштита за очи.** Заштитната опрема, како на пр., маска за прашина, безбедносни чевли коишто не се лизгаат, шлем или заштита за уши, коишто се користат за соодветни услови, ќе доведат до намалување на лични повреди.
- ▶ **Спречете ненамерно активирање. Проверете дали прекинувачот е исклучен пред да го вклучите во струја и/или со сетот на батерии, пред да го земете или носите алатот.** Носење на електричните алати со прстот позициониран на прекинувачот или вклучување во струја на електричните алати чијшто прекинувачот е вклучен, може да предизвика несреќа.
- ▶ **Отстранете каков било клуч за регулирање или француски клуч пред да го вклучите електричниот алат.** Француски клуч или клуч прикачен за ротирачкиот дел на електричниот алат може да доведе до лична повреда.
- ▶ **Не ги пречекорувајте ограничувањата. Постојано одржувајте соодветна положба и рамнотежа.** Ова овозможува подобра контрола на електричниот алат во непредвидливи ситуации.
- ▶ **Облечете се соодветно. Не носете широка облека и накит. Косата и алиштата треба да бидат подалеку од подвижните делови.** Широката облека, накитот или долгата коса може да се закачат за подвижните делови.
- ▶ **Ако се користат поврзани уреди за вадење прашина и собирање предмети, проверете дали се правилно поврзани и користени.** Собирањето прашина може да ги намали опасностите предизвикани од неа.
- ▶ **Не дозволувајте искуството стекнато со честа употреба на алатите да ве направи спокојни и да ги игнорирате безбедносните принципи при нивното користење.** Невнимателно движење може да предизвика сериозна повреда во дел од секунда.

**Употреба и чување на електричните алати**

- ▶ **Не го преоптоварувајте електричниот алат. Користете соодветен електричен алат за намената.** Со соодветниот електричен алат подобро, побезбедно и побрзо ќе ја извршите работата за која е наменет.

- **Не користете електричен алат ако не можете да го вклучите и исклучите со помош на прекинувачот.** Секој електричен алат којшто не може да се контролира со прекинувачот е опасен и мора да се поправи.
- **Исклучете го електричниот алат од струја и/или извадете го сетот на батерии, ако се вади, пред да правите некакви прилагодувања, менувате дополнителна опрема или го складирате електричниот алат.** Со овие превентивни безбедносни мерки се намалува ризикот од случајно вклучување на електричниот алат.
- **Чувајте ги електричните алати подалеку од дофат на деца и не дозволувајте лицата кои не ракувале со електричниот алат или не се запознаени со ова упатство да работат со истиот.** Електричните алати се опасни во рацете на необучени корисници.
- **Одржување на електрични алати и дополнителна опрема. Проверете го порамнувањето или прицврстување на подвижните делови, спојот на деловите и сите други услови што може негативно да влијаат врз функционирањето на електричниот алат. Ако е оштетен, однесете го електричниот алат на поправка пред да го користите.** Многу несреќи се предизвикани заради несоодветно одржување на електричните алати.
- **Острете и чистете ги алатите за сечење.** Соодветно одржуваните ивици на алатите за сечење помалку се виткаат и полесно се контролираат.
- **Електричниот алат, дополнителната опрема, деловите и др., користете ги во согласност со ова упатство, внимавајте на работните услови и работата која ја вршите.** Користењето на електричниот алат за други намени може да доведе до опасни ситуации.
- **Рачките и површините за држење одржувајте ги суви, чисти и неизмастени.** Рачките и површините за држење што се лизгаат не овозможуваат безбедно ракување и контрола на алатот во непредвидливи ситуации.

**Сервисирање**

- **Електричниот алат сервисирајте го кај квалификувано лице кое користи само идентични резервни делови.** Со ова се овозможува безбедно одржување на електричниот алат.

## Безбедносни упатства за столни пили

**Предупредувања за заштита**

- **Чувајте ги штитниците на своето место. Штитниците мора да бидат во работна состојба и правилно монтирани.** Доколку штитникот е олабавен, оштетен или не функционира правилно, тогаш мора да се поправи или да се замени.
- **Секогаш кога сечете, користете штитник за сечило на пила, нож за раздвојување и уред против повратен удар.** При целосно сечење, кога сечилото сече преку целата дебелина на делот што се обработува, штитникот и другите безбедносни уреди помагаат во намалување на ризикот од повреда.
- **Откако ќе завршите со задачите со сечење без целосно пресекување, како што се рендање, вратете го ножот за раздвојување во исправена позиција. Со ножот за разделување во исправена позиција, повторно закачете го штитникот на сечилото и уредот против повратен удар.** Штитникот, ножот за раздвојување и уредот против повратен удар помагаат во намалување на ризикот од повреда.
- **Осигурајте се дека сечилото не е во допир со штитникот, ножот за раздвојување или делот што се обработува пред да го вклучите прекинувачот.** Ненамерниот контакт на овие предмети и сечилото може да создаде опасни состојби.
- **Прилагодете го ножот за раздвојување како што е објаснето во прирачникот за употреба.** Несоодветниот простор, неправилната поставеност и центрирањето може да ја намалат можноста за спречување на одбивањето на ножот за раздвојување.
- **За ножот за раздвојување и уредот против повратен удар да можат да работат, истите мора да се наоѓаат во делот што се обработува.** Ножот за раздвојување и уредот против повратен удар, не се ефикасни при сечење на делови што се премногу кратки за сечење со нож за раздвојување. Под овие услови, ножот за раздвојување и уредот против повратен удар не можат да го спречат одбивањето.
- **Користете соодветно сечило за ножот за раздвојување.** За правилна работа на ножот за раздвојување, дијаметарот на сечилото мора да одговара на соодветниот нож за раздвојување и телото на сечилото мора да биде потенко од дебелината на ножот за раздвојување и ширината на сечење на сечилото мора да биде пошироко од дебелината на ножот за раздвојување.

**Предупредувања при процесот на сечење**

- **ОПАСНОСТ: Никогаш не ги ставајте прстите или рацете во близина, или во иста линија со сечилото.** Еден момент на невнимание или излизгување може да ја ви ја насочи раката кон сечилото и да доведе до сериозна повреда.
- **Вметнете го делот што се обработува во сечилото спротивно од насоката на вртење.** Доколку го вметнете делот што се обработува во насока на вртење на сечилото над работната површина, тогаш може да дојде до повлекување на делот што се обработува и вашата рака во сечилото.
- **Никогаш не го употребувајте граничникот за вметнување на делот што се обработува при негово расцепување, и не го употребувајте паралелниот граничник како обележувач на должината при напречно сечење заедно со граничникот.** Доколку истовремено го насочите делот за обработка со

граничникот за напречно сечење и паралелниот граничник, тогаш ќе се зголеми можноста за замотување и одбивање.

- **При расцепување, секогаш држете го делот што се обработува во целосен контакт со граничникот и секогаш вметнувајте го делот што се обработува меѓу граничникот и сечилото. Користете водечка летва кога растојанието меѓу граничникот и сечилото е помало од 150 mm, и користете блокови кога растојанието е помало од 50 mm.** „Помошните работни“ уреди ги одржуваат рацете на безбедно растојание од сечилото.
- **Користете само водечка летва обезбедена од производителот или изработена според упатството.** Со оваа водечка летва се обезбедува соодветно растојание на раката од сечилото.
- **Никогаш не користете оштетена или исечена водечка летва.** Оштетена или исечена водечка летва може да се скрши и да предизвика лизгање на раката на сечилото.
- **Не преземајте никаква активност со „слободната рака“. Секогаш користете паралелен граничник или граничник за позиционирање и насочување на делот што се обработува.** „Слободна рака“ значи користење на рацете за држење или насочување на делот што се обработува, наместо паралелен граничник или граничник. Сечење со слободна рака води до погрешно насочување, замотување и одбивање.
- **Никогаш не се посегнувајте околу или преку сечило кое работи.** Посегнувањето по делот што се обработува може да доведе до случаен контакт со сечило кое ротира.
- **Обезбедете помошен држач за делот што се обработува на задниот, и/или страничниот дел на работната површина за порамнување на долги и/ или широки делови.** Долг и/или широк дел што се обработува може да се навали на работ на работната површина и да предизвика губење контрола, виткање и одбивање на сечилото.
- **Вметнете го делот што се обработува со рамномерна брзина. Не го свиткувајте, вртете или преместувајте делот што се обработува од една на друга страна. Во случај на заглавување, веднаш исклучете го алатот, исклучете го електричниот приклучок и отстранете ја пречката.** Заглавувањето на сечилото во делот што се обработува може да предизвика одбивање или откажување на моторот.
- **Не ги отстранувајте отсечените парчиња додека работи пилата.** Материјалот може да се заглави помеѓу паралелниот граничник или во граничникот на сечилото и вашите прсти може да влезат во сечилото. Исклучете ја пилата и почекајте додека сечилото да застане пред да го отстраните материјалот.
- **Користете помошен граничник во контакт со работната површина при расцепување на делот што се обработува ако е потенок од 2 mm.** Тенок тел што се обработува може да се вклешти под паралелниот граничник и да предизвика одбивање.

**Одбивање и слични предупредувања**

Одбивање е ненадејна реакција на делот што се обработува заради приклештено, заглавено сечило или нерамномерно сечење на делот што се обработува во однос на сечилото или кога парче од делот што се обработува ќе се најде помеѓу сечилото и паралелниот граничник или друг фиксен предмет.

Најчесто во текот на одбивањето, делот што се обработува се подига од работната површина со задниот дел од сечилото и се насочува кон операторот.

Одбивањето е резултат на погрешна употреба и/или несоодветни оперативни постапки или услови и може да се избегне со преземање на соодветните превентивни мерки наведени подолу.

- **Никогаш не стојте директно во линија со сечилото. Секогаш позиционирајте го телото на иста страна со сечилото, како паралелниот граничник.** Одбивањето може да го насочи делот што се обработува во близина на лице кое стои пред и во иста линија со сечилото.
- **Никогаш не пристапувајте преку или зад сечилото за да го повлечете или поддржите делот што се обработува.** Може да дојде до случаен контакт со сечилото или одбивањето може да ги повлече вашите прсти во сечилото.
- **Никогаш не го држете или притискајте делот што се сече на сечило кое ротира.** Притискањето на делот што се сече на сечилото ќе предизвика услови за виткање и одбивање.
- **Израмнете го граничникот со сечилото.** Ако граничникот не е израмнет, делот што се обработува ќе се заглави на сечилото и ќе се одбие.
- **Користете плоча со засеци за насочување на делот што се обработува на работната површина, и граничник кога правите кратки засеци, како на пр. за жлебови.** Плочата со засеци помага за контрола на делот што се обработува во случај на одбивање.
- **Потпрете ги големите делови што се обработуваат за да го намалите ризикот од приклештување или одбивање на сечилото.** Големите делови што ги обработувате се искривуваат под својата тежина. Држачот(е) мора да бидат поставени под деловите на панел плочата кои се издадени надвор од работната површина.
- **Обрнете дополнително внимание при сечење на делот што се обработува ако е извиткан, има чворови, ако е деформиран или нема прави рабови за насочување со паралелен граничник или покрај граничникот.** Дел што се обработува со чворови, кој е деформиран или извиткан не е стабилен и предизвикува нерамномерност на засекот со сечилото, виткање или одбивање.
- **Никогаш не сечете повеќе парчиња за обработување, вертикално или хоризонтално**

**поставени.** Сечилото на пилата може да собере едно или повеќе парчиња и да предизвика одбивање.

- ▶ **При повторно стартување на пилата чиешто сечило се наоѓа во делот што се обработува, центрирајте го сечилото во засекот, така да запците на сечилото не се навлезени во материјалот.** Доколку сечилото се витка, може да отскокне од делот што се обработува и да предизвика одбивање кога се рестартира пилата.
- ▶ **Сечилата одржувајте ги чисти, остри и во добра состојба. Никогаш не користете искривени сечила, или сечила со пукнати или скршени запци.** Остри и правилно поставени сечила го намалуваат виткањето, откажувањето или одбивањето.

**Предупредувања во врска со работата на столната пила**

- ▶ **Исклучете ја столната пила и извадете го кабелот од струја при вадење на влошката од работната површина, промена на сечилото или, при прилагодување на ножот за раздвојување или граничникот на сечилото, и кога машината е оставена без придружба.** Со мерките на претпазливост ќе се избегнат несреќи.
- ▶ **Никогаш не ја оставајте столната пила да работи без придружба. Исклучете го и не го оставајте алатот додека целосно не прекине со работа.** Пила која работи без придружба е неконтролирана опасност.
- ▶ **Столната пила поставете ја на добро осветлено место и нивелирана површина, каде може добро и рамномерно да се постави. Треба да се инсталира на место, со доволно простор за лесна обработка на делот што се обработува.** Ограничен темен простор и ненивелирани лизгави подови предизвикуваат несреќи.
- ▶ **Често чистете и отстранувајте ги струготините под работната површина, и/или од садот за собирање прав.** Насобраните струготини се запаливи и може да се запалат самите.
- ▶ **Столната пила мора да биде обезбедена.** Недоволно обезбедена столна пила може да се придвижи и преврти.
- ▶ **Отстранете ги алатите, дрвените отпадоци и др. од работната површина пред вклучување на столната пила.** Одвлекување на вниманието или потенцијална гужва може да бидат опасни.
- ▶ **Секогаш користете сечила со точна големина и форма (дијамантски наспроти тркалезни) за арбор дупки.** Сечила кои не одговараат на металниот дел за монтирање на сечилото ќе излезат од средиштето, што ќе предизвика губење на контрола.
- ▶ **Никогаш не користете оштетени или неправилни средства за монтирање на сечилото, како на пр. прирабници, дихтунзи, гвинтови или завртки.** Овие средства за монтирање се специјално дизајнирани за вашата пила, за безбедно и оптимално работење.
- ▶ **Никогаш не застанувајте на столната пила, не ја користете за качување.** Може да настане сериозна повреда доколку го допрете или случајно стапите во контакт со алатот за сечење.
- ▶ **Проверете дали сечилото е инсталирано за да ротира во правилна насока. Не користете брусни дискови, жичени четки или абразивни дискови на столната пила.** Неправилно инсталирање на сечилото или користење на дополнителна опрема што не се препорачува може да предизвика сериозна повреда.

## Дополнителни безбедносни напомени

- ▶ **При ставањето на листот на пилата носете заштитни ракавици.** Постои опасност од повреда.
- ▶ **Не користете листови за пила од HSS-челик.** Таквите листови на пила може лесно да се скршат.
- ▶ **Користете само листови на пила, кои одговараат на наведените податоци во ова упатство за користење и на електричниот алат или се проверени според EN 847-1 и се соодветно означени.**
- ▶ **Никогаш не го користете електричниот алат без дел за вметнување. Променете го дефектниот дел за вметнување.** Без соодветен дел за вметнување може да се повредите на сечилото за пила.
- ▶ **Одржувајте ја чистотата на работното место.** Мешавините на материјали се особено опасни. Правта од лесен метал може да се запали или експлодира.
- ▶ **За материјалот, кој што сакате да го обработите, изберете го соодветниот лист на пилата.**
- ▶ **Користете само листови на пила, што се препорачани од производителот на овој електричен алат и се погодни за материјалот што сакате да го обработувате.**
- ▶ **Вметнете го делот што се обработува само кога се врти листот на пилата.** Инаку постои опасност од повратен удар, доколку листот на пилата се заглави во делот што се обработува.

# Ознаки

Следните ознаки се од големо значење за користењето на вашиот електричен алат. Ве молиме запаметете ги ознаките и нивното значење. Вистинската интерпретација на ознаките Ви помага подобро и побезбедно да го користите електричниот алат.

| Ознаки и нивно значење | |
|---|---|
|  | **Не посегнувајте со дланките во полето на сечење, додека работи електричниот алат.** Доколку дојдете во контакт со сечилото за пила постои опасност од повреда. |
|  | **Носете заштитни очила.** |

| Ознаки и нивно значење | |
|---|---|
|  | **Носете заштита за слухот.** Изложеноста на бучава може да влијае на губењето на слухот. |
|  | **Носете маска за заштита од прав.** |
|  | Внимавајте на димензиите на сечилото за пила (дијаметар на сечилото за пила **D**, дијаметар на отворот **d**). Дијаметарот на отворот **d** мора точно да биде наместен на вретеното на алатот. Доколку е неопходно користење на редуцирачки делови, внимавајте димензиите на редуцирачкиот дел да одговараат на дебелината на сечилото за сечење и на дијаметарот на отворот на сечилото за пила, како и на дијаметарот на вретеното на алатот. Доколку е можно, со сечилото за пила користете ги испорачаните редуцирачки делови.<br><br>Дијаметарот на сечилото за пила **D** мора да одговара на податоците на ознаката.<br><br>Видете исто така „Димензии за соодветни сечила за пила“ во поглавјето „Технички податоци“. |
|  | **a** Дијаметарот на сечилото за пила треба максимално да изнесува 254 mm.<br><br>**b** Дебелината на клинот за разделување изнесува 2 mm.<br><br>**c** Стрелката за насока на запците (правецот на стрелката на сечилото за пила) мора да се совпаѓа со правецот на стрелката на клинот за разделување.<br><br>**d** При менување на сечилото за пила внимавајте ширината на резот да не е помала од 2,4 mm и дебелината на основното сечило да не е поголема од 1,8 mm. Инаку постои опасност, клинот за разделување да се заглави во делот што се обработува. |
|  | Дебелината на клинот за разделување изнесува 2 mm.<br><br>Максималната можна висина на делот што се обработува изнесува 80 mm. |

| Ознаки и нивно значење | |
|---|---|
|  | **Лева страна:**<br>Го покажува правецот на вртење на курблата за спуштање (**транспортна позиција**) и подигање (**работна позиција**) на сечилото за пилата.<br><br>**Десна страна:**<br>Ја прикажува позицијата на лостот за блокада при фиксирање на сечилото за пила и при поставување на вертикалниот агол на закосување (подесливо сечило за пила). |
|  | По потреба намастете го електричниот алат на означените места. |
|  | Електричните алати од заштитната класа II се зајакнати и двојно изолирани. |
| CE | Со CE-ознаката производителот потврдува дека електричниот алат е во согласност со важечките EU-директиви. |

# Опис на производот и перформансите



**Прочитајте ги сите безбедносни напомени и упатства.** Грешките настанати како резултат од непридржување до безбедносните напомени и упатства може да предизвикаат електричен удар, пожар и/или тешки повреди.

Внимавајте на сликите во предниот дел на упатството за користење.

## Наменета употреба

Електричниот алат е наменет за правење на должински и напречни резови со прав рез во цврсто и меко дрво, како и иверки и лесонит, како фиксен уред. Притоа можни се хоризонтални агли на закосување од −**30°** до +**30°** како и вертикални агли на закосување од **0°** до **45°**.

Со користење на соодветни сечила за пила, можно е и сечење на алуминиумски профили и пластика.

## Илустрација на компоненти

Нумерирањето на илустрираните компоненти се однесува на приказот на електричниот алат на графичката страница.

**(1)** Скала за растојанието од сечилото за пила до паралелниот граничник

**(2)** Скала за растојанието од сечилото за пила до паралелниот граничник при извлечена маса за сечење

**(3)** Аголен граничник
**(4)** Маса за сечење
**(5)** Водечки жлеб за аголниот граничник
**(6)** Заштитен поклопец
**(7)** Неповратна блокада
**(8)** Додаток за маса
**(9)** Паралелен граничник
**(10)** Проширување за маса за сечење
**(11)** Жлебови за држење
**(12)** Депо за паралелен граничник
**(13)** Заштита од превртување
**(14)** Подножје
**(15)** Подвижна водечка летва
**(16)** Лост за блокада за подесување на вертикален агол на закосување
**(17)** Курбла за подигање и спуштање на сечилото за пила
**(18)** Рачно тркало
**(19)** Сигурносен поклопец на прекинувачот за вклучување-исклучување
**(20)** Затезна рачка за проширување за маса за сечење
**(21)** Депо на подвижна водечка летва
**(22)** Граничник за 45°-агол на закосување (вертикално)
**(23)** Скала за аголот на закосување (вертикално)
**(24)** Граничник за 0°-агол на закосување (вертикално)
**(25)** Копче за вклучување
**(26)** Копче за одново стартување
**(27)** Клин за расцепување
**(28)** Сечило за пила
**(29)** Депо за аголниот граничник
**(30)** Држач за кабелот
**(31)** Отвори за монтажа на подножјето
**(32)** Отвори за монтажа
**(33)** Депо за алат/неповратна блокада
**(34)** Адаптер за всисување
**(35)** Прстенест клуч (10 mm; 13 mm)
**(36)** Кукаст клуч/вилушкаст клуч (10 mm)
**(37)** Сет за прицврстување „Подножје“
**(38)** Сет за прицврстување „Заштита од превртување“
**(39)** Сет за прицврстување „Електричен алат“
**(40)** Болцна за клин за расцепување
**(41)** Отвори за додатокот за маса
**(42)** Копче на притискање за неповратна блокада
**(43)** Затезна дршка на паралелниот граничник
**(44)** V-водилка на паралелниот граничник
**(45)** V-водечки жлеб на масата за сечење за паралелниот граничник
**(46)** Водечки жлеб за паралелниот граничник
**(47)** Дополнителен паралелен граничник
**(48)** Сет за прицврстување „Дополнителен паралелен граничник“
**(49)** Шина-водилка за аголниот граничник
**(50)** Профилна шина
**(51)** Пеперутка-навртка за профилна шина
**(52)** Долен поклопец за сечило на пилата
**(53)** Завртки за прицврстување на долен поклопец за сечило на пилата
**(54)** Стезна прирабница
**(55)** Завртка со шестаголна глава за сечило за пила
**(56)** Подлошка
**(57)** Приклучна прирабница
**(58)** Агломер (вертикално)
**(59)** Копче за фиксирање на саканиот агол на закосување (хоризонтално)
**(60)** Показател на агли на аголниот граничник
**(61)** Лупа
**(62)** Показател на растојание на масата за пила
**(63)** Крстест одвртувач за подесување на граничникот 0°
**(64)** Завртка за агломерот (вертикално)
**(65)** Крстест одвртувач за подесување на граничникот 45°
**(66)** Завртка со внатрешна шестаголна глава (5 mm) од предната страна за подесување на паралелноста на сечилото за пила
**(67)** Завртки со внатрешна шестаголна глава (5 mm) од задната страна за подесување на паралелноста на сечилото за пила
**(68)** Завртка за показателот на растојание на масата за пила
**(69)** Завртки со внатрешна шестаголна глава (5 mm) за подесување на паралелноста на паралелниот граничник
**(70)** Завртка за показателот на растојание на паралелниот граничник

## Технички податоци

| **Столна тркалезна пила** | | **GTS 254** |
|---|---|---|
| Број на дел | | **3 601 M45 0..** |
| Номинална јачина | W | 1800 |
| Број на вртежи во празен од | $min^{-1}$ | 4300 |
| Ограничување на стартната струја | | ● |

| Столна тркалезна пила | | GTS 254 |
|---|---|---|
| Тежина[A)] | kg | 24,4 |
| Класа на заштита | | ▢ / II |
| Димензии (вклучително и отстранливите елементи на уредот) | | |
| Ширина x длабочина x виси на | mm | 690 x 620 x 1000 |
| **Димензии за соодветни сечила за пила** | | |
| Дијаметар на сечилото за пила **D** | mm | 254 |
| Дебелина на сечилото на пила | mm | < 1,8 |
| Мин. отклон на запците на пилата | mm | > 2,4 |
| Дијаметар на отворот **d** | mm | 30 |

A) Без струен кабел

Податоците важат за номинален напон [U] од 230 V. Овие податоци може да отстапуваат при различни напони, во зависност од изведбата во односната земја.

Максимални димензии на делот што се обработува: (види „Максимални димензии на делот што се обработува“, Страница 25)

Вредностите може да варираат во зависност од производот и зависат од примената и условите на животната средина. Повеќе информации може да најдете на www.bosch-professional.com/wac.

## Информација за бучава

Вредностите за емисија на бучава се одредуваат согласно **EN 62841-3-1**.

Нивото на звук на електричниот алат оценето со А типично изнесува: ниво на звучен притисок **90** dB(A); ниво на звучна јачина **105** dB(A). Несигурност K = **3** dB.

**Носете заштита за слухот!**

Вредноста на емисија на бучава наведена во овие упатства е измерена со нормирана постапка за мерење и може да се користи за меѓусебна споредба на електрични алати. Исто така може да се прилагоди за предвремена процена на емисијата на бучава.

Наведената вредност на емисија на бучава се однесува на основната примена на електричниот алат. Доколку електричниот алат се користи за други примени, алатот што се вметнува отстапува од нормите или недоволно се одржува, вредноста на емисијата на бучава може да отстапува. Ова може значително да ја зголеми емисијата на бучава во целокупниот период на работење.

За прецизно одредување на емисијата на бучава, треба да се земе предвид периодот во кој уредот е исклучен или едвај работи, а не во моментот кога е во употреба. Ова може значително да ја намали емисијата на бучава во целокупниот период на работење.

# Монтажа

▶ **Избегнувајте невнимателно вклучување на електричниот алат. За време на монтажата и при сите интервенции на електричниот алат, струјниот приклучок не смее да се приклучува на напојување на струја.**

## Обем на испорака

Пред првата употреба на електричниот алат, дали сите долу наведени делови се испорачани:

- Столна тркалезна пила со монтирано сечило за пила **(28)**
- Сет за прицврстување „Електричен алат“ **(39)** (8 завртки за прицврстување, 8 подлошки)
- Подножје **(14)**
- Сет за прицврстување „Подножје“ **(37)** (16 завртки за прицврстување, 16 подлошки, 16 прстени за зацврстување, 16 навртки)
- Заштита од превртување **(13)**
- Сет за прицврстување „Заштита од превртување“ **(38)** (4 завртки за прицврстување, 8 подлошки, 4 прстени за зацврстување, 4 навртки)
- Аголен граничник **(3)**
- Профилна шина **(50)**
- Пеперутка-навртка „Профилна шина“ **(51)**
- Паралелен граничник **(9)**
- Дополнителен паралелен граничник **(47)**
- Сет за прицврстување „Дополнителен паралелен граничник“ **(48)** (2 завртки за прицврстување, 2 пеперутка-навртки)
- Клин за расцепување **(27)** со монтиран заштитен поклопец **(6)**
- Неповратна блокада **(7)**
- Прстенест клуч **(35)**
- Кукаст клуч/вилушкаст клуч **(36)**
- Подвижна водечка летва **(15)**
- Додаток за маса **(8)**

**Напомена:** Проверете дали на електричниот алат има евентуални оштетувања.
Пред понатамошната употреба на електричниот алат, мора да ги проверите заштитните уреди и деловите што лесно може да се оштетат дали се беспрекорни и соодветни на намената. Проверете дали подвижните делови функционираат беспрекорно и не се заглавуваат и дали се оштетени деловите. Сите делови мора да се правилно монтирани и да ги исполнуваат сите услови, за да обезбедат беспрекорна работа.
Оштетените заштитни уреди и делови мора да бидат поправени или заменети од страна на овластена сервисна работилница.

## Фиксна или флексибилна монтажа

▶ **За да се овозможи безбедно ракување, електричниот алат мора да се монтира пред употребата на рамна и стабилна работна површина (на пр. работна клупа).**

**Монтажа со подножје и заштита од превртување (види слики a1 – a3)**

При монтажата користете ги сетовите за прицврстување „Подножје“ **(37)**, „Заштита од превртување“ **(38)** и „Електричен алат“ **(39)**

- Прицврстете го подножјето **(14)**. Цврсто затегнете ги завртките.
- Прицврстете ја заштитата од превртување **(13)** на подножјето.
- Поставете го електричниот алат на подножјето така што заштитата од превртување ќе покажува наназад.
- Прицврстете го електричниот алат на подножјето. За оваа цел се предвидени страничните дупки **(31)** на електричниот алат како и отворите на подножјето.

**Монтажа без подножје (види слика b)**

- Зацврстете го електричниот алат со соодветни завртки на работната површина. За тоа служат отворите **(32)**.

## Монтажа на поединечните делови

- Внимателно извадете ги сите испорачани делови од амбалажата.
- Извадете ја целата амбалажа од електричниот уред и од испорачаната опрема.
- Внимавајте на тоа да ја отстраните амбалажата под блокот на моторот.

Следните елементи на уредот се прицврстени директно на куќиштето: неповратна блокада **(7)**, прстенест клуч **(35)**, кукаст клуч/вилушкаст клуч **(36)**, аголен граничник **(3)**, паралелен граничник **(9)**, дополнителен паралелен граничник **(47)** со сет за прицврстување **(48)**, заштитен поклопец **(6)**, подвижна водечка летва **(15)**, сечило за пила **(28)**.

- Штом Ви е потребен еден од овие елементи на уредот, внимателно извадете го од депото за складирање.

**Монтирање на клинот за расцепување (види слика c)**

**Напомена:** Доколку е потребно, пред позиционирањето исчистете ги сите делови што треба да се монтираат.

- Ев. извадете го додатокот за маса **(8)**.
- Свртете ја курблата **(17)** во правец на стрелките на часовникот до граничникот, така што сечилото за пила **(28)** ќе се наоѓа во највисоката можна позиција над масата за сечење.
- Олабавете ја болцната **(40)** со прстенестиот клуч **(35)**.
- Вметнете го клинот за расцепување **(27)** и притиснете го надолу до крај.
  Клинот за расцепување мора да биде во контакт со двете водечки завртки (види зголемена слика **c**).
- Повторно затегнете ја болцната **(40)** со прстенестиот клуч **(35)** (вртежен момент 2,0–2,5 Nm).
  **Напомена:** радијалниот процеп помеѓу сечилото за пила и клинот за расцепување смее да биде максимално 3–8 mm. Клинот за расцепување мора секогаш да биде во една линија со сечилото за пила.
- Монтирајте го додатокот за маса **(8)**.

**Монтирање на додатокот за маса (види слика d)**

- Закачете го додатокот за маса **(8)** во задните отвори **(41)** на отворот за алатот.
- Притиснете го додатокот за маса надолу.
- Притиснете го додатокот за маса, додека не се вклопи напред во отворот за алатот.

Додатокот за маса мора да биде целосно рамен со масата за сечење напред и назад **(4)**.

**Монтирање на неповратна блокада (види слика e)**

Во случај на повратен удар неповратната блокада **(7)** спречува алатот да се исфрли во правец на корисникот. Притоа остриците запци на запченикот се фаќаат за површината на алатот и го задржуваат.

- Притиснете го копчето за притискање **(42)** на неповратната блокада **(7)**.
  Со тоа се повлекува болцната-водилка.
- Ставете ја неповратната блокада **(7)** преку клинот за расцепување **(27)** и отпуштете го копчето за притискање **(42)**.
- Вметнете ја неповратната блокада во правец на заштитниот капак, додека болцната-водилка не се вклопи во задниот отвор горе на клинот за расцепување.
- Проверете дали болцната-водилка е прицврстена за отворот и дали беспрекорно функционира неповратната блокада. Внимателно подигнете ги запчениците на неповратната блокада. При отпуштање затегнатите запченици мора да се движат надолу и да го допрат додатокот за маса.

**Монтирање на дополнителниот паралелен граничник (види слика f)**

**За сечење на тесни предмети и за сечење под вертикален агол на закосување** мора да се монтира дополнителен паралелен граничник **(47)** на паралелниот граничник **(9)**.
По потреба, дополнителниот паралелен граничник може да се монтира на левата или десната страна на паралелниот граничник **(9)**.

За монтажа користете го сетот за прицврстување „Дополнителен паралелен граничник“ **(48)** (2 завртки за прицврстување, 2 пеперутка-навртки).

- Вметнете ги завртките за прицврстување низ страничните отвори на паралелниот граничник **(9)**.
- Главите на завртките служат како водилка на дополнителниот паралелен граничник.
- Поместете го дополнителниот паралелен граничник **(47)** над главите на завртките за прицврстување.
- Затегнете ги завртките со помош на пеперутка-навртките.

**Монтирање на паралелниот граничник (види слика g)**

Паралелниот граничник **(9)** може да се позиционира лево или десно од сечилото за пила.

– Олабавете ја затезната дршка **(43)** на паралелниот граничник **(9)**. На тој начин се растеретува V-водилката **(44)**.
– Најпрво ставете го паралелниот граничник со V-водилката во водечкиот жлеб **(45)** на масата за сечење. Потоа позиционирајте го паралелниот граничник во предниот водечки жлеб на сечилото на пила **(46)**.
Сега паралелниот граничник може да го поместувате по желба.
– За фиксирање на паралелниот граничник притиснете на затезната дршка **(43)** надолу.

**Монтирање на аголниот граничник (види слика h1 – h2)**

– Ставете ја шината **(49)** на аголниот граничник **(3)** во соодветните жлебови на водилката **(5)** на масата за сечење.

За подобро налегнување на долгите делови за обработка аголниот граничник може да се прошири низ профилната шина **(50)**.

– По потреба монтирајте ја профилната шина со помош на пеперутка навртките **(51)** на аголниот граничник.

## Всисување на прав/струготини

Избегнувајте да работите без мерки за намалување на прашината. Соодветен уред за всисување прав ја намалува количината на прав што е опасна по здравјето. Погрижете се за добра проветреност на работното место. Секогаш користете соодветна респираторна заштита. Затоа, доколку е возможно, користете соодветен всисувач за прав за материјалот што се обработува. Внимавајте на важечките прописи на Вашата земја за материјалот кој го обработувате.

▶ **Избегнувајте собирање прав на работното место.** Правта лесно може да се запали.

| **Барања за всисувачот** | | |
|---|---|---|
| Препорачан номинален дијаметар на цревото | mm | **28** |
| Потребен потпритисок[A)] | mbar<br>hPa | ≥ **140**<br>≥ **140** |
| Потребна количина на проток[A)] | l/s<br>$m^3$/h | ≥ **23**<br>≥ **82,8** |
| Препорачана ефикасност на филтерот | | Класа на прашина M[B)] |

A) Вредност на моќноста на приклучокот за всисување на електричниот алат

B) Според IEC/EN 60335-2-69

Следете го упатството на всисувачот. Престанете да работите кога ќе се намали моќноста на всисување и отстранете ја причината.

Всисувачот за прав/струготини може да се блокира поради прав, струготини или скршени парчиња од делот што се обработува.

– Исклучете го електричниот алат и извлечете го струјниот приклучок од приклучницата.
– Почекајте додека сечилото за пила целосно не дојде во состојба на мирување.
– Откријте ја причината за блокада и отстранете ја.

▶ **За да избегнете опасност од пожар при сечење на алуминиум, испразнете го исфрлувачот на струготини и не користете всисувач на струготини.**

**Празнење на исфрлувачот на струготини (види слика i)**

За отстранување на искршените парчиња на делот што се обработува и големите струготини можете да го отворите долниот поклопец на сечилото за пила **(52)**.

– Исклучете го електричниот алат и извлечете го струјниот приклучок од приклучницата.
– Почекајте додека сечилото на пилата целосно не дојде во состојба на мирување.
– Електричниот алат навалете го на страна.
– Олабавете ги завртките за прицврстување **(53)** и отворете го долниот поклопец на сечилото за пила **(52)**.
– Отстранете ги искршените делови од работниот дел и струготините.
– Затворете го долниот поклопец на сечилото за пила и повторно завртете го.
– Подесете го електричниот алат во работна позиција.

**Надворешно всисување (види слика j)**

– Цревото за всисување прикачете го цврсто во соодветниот адаптер за всисување **(34)**.

Всисувачот за прашина мора да е соодветен на материјалот на парчето што се обработува.

При всисување на особено опасни по здравје, канцерогени или суви честички прав, користете специјален всисувач.

## Замена на сечилото за пила (види слики k1–k4)

▶ **Пред било каква интервенција на електричниот алат, извлечете го струјниот приклучок од ѕидната дозна.**

▶ **При ставањето на листот на пилата носете заштитни ракавици.** Постои опасност од повреда.

▶ **Употребувајте само сечила за пила, чија максимално дозволена брзина е повисока од бројот на празни вртежи на вашиот електричен алат.**

▶ **Користете само листови на пила, кои одговараат на наведените податоци во ова упатство за користење и на електричниот алат или се проверени според EN 847-1 и се соодветно означени.**

▶ **Користете само сечила за пила, што се препорачани од производителот на овој електричен алат и се погодни за материјалот што сакате да го обработувате.** Со тоа ќе избегнете прегревање на запците на сечилото и топење на материјалот што се обработува.

- ▶ **Не користете листови за пила од HSS-челик.** Таквите листови на пила може лесно да се скршат.

**Вадење на сечилото за пила**

- Свртете ја курблата **(17)** во правец на стрелките на часовникот до крај, така што сечилото за пила **(28)** ќе се наоѓа во највисоката можна позиција над масата за сечење.
- Спуштете го заштитниот поклопец **(6)**.
- Со одвртувач подигнете го додатокот за маса **(8)** од напред и извадете го од отворот на алатот.
- Одвртете ја завртката со шестаголна глава **(55)** со прстенест клуч **(35)** во насока спротивна на стрелките на часовникот, додека со кукаст клуч **(36)** држите на стезната прирабница **(54)** во обратната насока.
- Извадете ја подлошката **(56)** и стезната прирабница **(54)**.
- Извадете го сечилото за пила **(28)**.

**Монтирање на сечилото за пила**

Доколку е потребно, пред монтажата исчистете ги сите делови што треба да се монтираат.

- Ставете го новото сечило за пила на приклучната прирабница **(57)** на вретеното на алатот.

**Напомена:** Не користете премали сечила за пила. Радијалниот процеп помеѓу сечилото за пила и клинот за расцепување смее да биде максимално 3 – 8 mm.

- ▶ **При монтажата, внимавајте правецот на сечење на запците (правецот на стрелката на сечилото за пила) да се совпаѓа со правецот на стрелката на заштитниот поклопец!**

- Поставете ја стезната прирабница **(54)**, подлошката **(56)** и завртката со внатрешна шестаголна глава **(55)**.
- Затегнете ја завртката со шестаголна глава **(55)** со прстенест клуч **(35)** во насока на стрелките на часовникот, додека со кукаст клуч **(36)** држите на стезната прирабница во обратната насока.
- Повторно ставете го додатокот за маса **(8)**.
- Подигнете го заштитниот поклопец **(6)**.

# Употреба

- ▶ **Пред било каква интервенција на електричниот алат, извлечете го струјниот приклучок од ѕидната дозна.**

## Транспортна и работна позиција на сечилото за пила

**Транспортна позиција**

- Отстранете го заштитниот поклопец **(6)**, и додатокот за маса **(8)** и позиционирајте го клинот за разделување **(27)** во најдолната позиција. Повторно ставете го додатокот за маса **(8)**.
- Свртете ја курблата **(17)** во правец спротивен на стрелките на часовникот, додека запците на сечилото за пила **(28)** не се најдат под масата за сечење **(4)**.
- Вметнете го проширувањето за маса за сечење **(10)** целосно навнатре.
  Притиснете ја затезната дршка **(20)** надолу. На тој начин ќе се фиксира проширувањето на масата за сечење.
- Отстранете го заштитниот поклопец **(6)**, и додатокот за маса **(8)** и позиционирајте го клинот за разделување **(27)** во најдолната позиција. Повторно ставете го додатокот за маса **(8)**.
- Свртете ја курблата **(17)** во правец спротивен на стрелките на часовникот, додека запците на сечилото за пила **(28)** не се најдат под масата за сечење **(4)**.
- Движете ги шините-водилки целосно навнатре.
  Притиснете ја затезната дршка **(20)** надолу. На тој начин ќе се фиксира проширувањето на масата за сечење.

**Работна позиција**

- Позиционирајте го клинот за разделување **(27)** во најгорната позиција точно над средината на сечилото за пила, вметнете го додатокот за маса **(8)** и монтирајте го заштитниот поклопец **(6)**.
- Свртете ја курблата **(17)** во правец на стрелките на часовникот, додека запците на сечилото за пила **(28)** не се најдат над делот за обработување околу 3 – 6 mm.

## Подесување на вертикалниот и хоризонталниот агол на закосување

За да обезбедите прецизни резови мора да ги проверите основните поставки по интензивно користење на електричниот алат и евентуално да ги подесите.

**Поставување на вертикален агол на закосување (сечило за пила) (види слика A)**

Вертикалниот агол на закосување може да се постави во граници од **0°** до **45°**.

- Олабавете го лостот за блокада **(16)** во правец спротивен на стрелките на часовникот.

**Напомена:** Доколку целосно го олабавите лостот за блокада, сечилото за пила ќе се навали во положба од околу 30° под влијание на гравитацијата.

- Повлечете го или притиснете го рачното тркало **(18)** по должина на кулисата, додека агломерот **(58)** не го покаже саканиот агол на закосување.
- Држете го рачното тркало во оваа позиција и повторно затегнете го лостот за блокада **(16)**.

**За брзо и прецизно подесување на вертикален стандарден агол 0° и 45°** предвидени се фабрички поставените граничници (**(24)**, **(22)**).

**Подесување на хоризонталниот агол на закосување (аголен граничник) (види слика B)**

Хоризонталниот агол на закосување може да се поставува во еден опсег од **30°** (на левата страна) до **30°** (на десната страна).

- Отпуштете го копчето за фиксирање **(59)**, доколку е затегнато.
- Свртете го аголниот граничник додека агломерот **(60)** не го покаже саканиот агол на закосување.
- Повторно затегнете го копчето за фиксирање **(59)**.

## Зголемување на масата за сечење

Долгите и тешки делови што се обработуваат мора да се потпрат на слободниот крај или да се прицврстат.

**Проширување за маса за сечење (види слика C)**

Проширување за маса за сечење **(10)** ја проширува масата за сечење **(4)** кон десно за максимум **950** mm.

- Повлечете ја затезната дршка **(20)** за проширувањето на масата за сечење целосно нагоре.
- Извлечете го нанадвор проширувањето на масата за сечење **(10)** до саканата должина.
- Притиснете ја затезната дршка **(20)** надолу. На тој начин ќе се фиксира проширувањето на масата за сечење.

## Поставување на паралелниот граничник (види слика D)

Паралелниот граничник **(9)**, може да се позиционира лево или десно од сечилото за пила. Ознаката на лупата **(61)** го покажува поставеното растојание на паралелниот граничник со сечилото за пила на скалата **(1)**.
Позиционирајте го паралелниот граничник на саканата страна на сечилото за пила (види „Монтирање на паралелниот граничник (види слика **g**)“, Страница 21).

**Подесување на паралелниот граничник при неизвлечена маса за сечење**

- Олабавете ја затезната дршка **(43)** на паралелниот граничник **(9)**. Поместувајте го паралелниот граничник сè додека ознаката во лупата **(61)** не го покаже саканото растојание до сечилото на пила.
  При неизвлечена маса за сечење важи долниот натпис на скалата **(1)**.
- За фиксирање, повторно притиснете ја затезната дршка **(43)** надолу.

**Подесување на паралелниот граничник при неизвлечена маса за сечење (види слика D)**

- Позиционирајте го паралелниот граничник десно од сечилото за пила.
  Поместувајте го паралелниот граничник додека ознаката на лупата **(61)** на скалата не покаже **(1) 28** cm.
  За фиксирање, повторно притиснете ја затезната дршка **(43)** надолу.
- Повлечете ја затезната дршка **(20)** за проширувањето на масата за сечење целосно нагоре.
- Повлечете го проширувањето на масата за сечење **(10)** кон надвор, додека показателот на растојание **(62)** не го покаже саканото растојание до сечилото за пила на скалата **(2)**.
- Притиснете ја затезната дршка **(20)** надолу.
  На тој начин ќе се фиксира проширувањето на масата за сечење.

## Подесување на дополнителен паралелен граничник (види слика E)

**За сечење на тесни предмети и за сечење под вертикален агол на закосување** мора да се монтира дополнителен паралелен граничник **(47)** на паралелниот граничник **(9)**.

По потреба, дополнителниот паралелен граничник може да се монтира на левата или десната страна на паралелниот граничник **(9)**.

Деловите за обработка може да се заглават помеѓу паралелниот граничник и сечилото за пила при сечењето и да го зафати и исфрли сечилото за пила.
Затоа дополнителниот паралелен граничник наместете го на тој начин што крајот на водилката ќе завршува во полето помеѓу предниот забец на сечилото за пила и предниот раб на клинот за расцепување.

- За тоа олабавете ги сите пеперутка-навртки на сетот за прицврстување **(48)** и соодветно вметнете го дополнителниот паралелен граничник.
- Повторно затегнете ги пеперутка-навртките.

## Ставање во употреба

▶ **Внимавајте на електричниот напон!** Напонот на струјниот извор мора да одговара на оној кој е наведен на спецификационата плочка на електричниот алат.

**Вклучување (види слика F1)**

- Преклопете го сигурносниот поклопец **(19)** нагоре.
- За ставање во употреба, притиснете на зеленото копче за вклучување **(25)** .
- Оставете го сигурносниот поклопец **(19)** повторно да падне надолу.

**Исклучување (види слика F2)**

- Притиснете на сигурносниот поклопец **(19)**.

**Заштита од преоптоварување**

Електричниот алат е опремен со заштита од преоптоварување. Правилната употреба не може да го преоптовари електричниот алат. При прејако оптоварување електрониката на електричниот алат се исклучува.

Спроведете ги следните чекори пред повторно да почнете да работите со електричниот алат:

- Оставете електричниот алат да се олади минимум 10 минути.

– Притиснете го копчето за одново стартување **(26)** и потоа вклучете го електричниот алат.

**Прекин на струја**

Прекинувачот за вклучување-исклучување е таканаречен прекинувач за нулта напон, кој спречува рестартирање на електричниот алат по прекин на струја (на пр. извлекување на струјниот кабел за време на работата). За да може повторно да го користите електричниот алат, одново притиснете на зеленото копче за вклучување **(25)** .

## Совети при работењето

**Општи напомени за сечење**

- ▶ **При сите резови најпрво мора да се осигурате, дека сечилото за пила во ниеден момент нема да ги допре граничниците или другите делови на уредот.**
- ▶ **Користете го електричниот алат за правење жлебови или засеци само со соодветен заштитен уред (на пр. тунелска заштитна хауба, притисен чешел).**
- ▶ **Не го користете електричниот алат за правење процепи (жлеб што завршува во делот што се обработува).**

Заштитете го сечилото за пила од удари. Не го изложувајте сечилото за пила на страничен притисок.

Клинот за расцепување мора да биде во права линија со сечилото за пила, за да се избегне заглавување на делот што се обработува.

Не обработувајте искривени делови. Делот што се обработува мора да има секогаш прав раб за поставување на паралелниот граничник.

Секогаш чувајте ја водечката летва на електричниот алат.

**Позиција на корисникот (види слика G)**

- ▶ **Никогаш не стојте директно во линија со сечилото. Секогаш позиционирајте го телото на иста страна со сечилото, како паралелниот граничник.** Одбивањето може да го насочи делот што се обработува во близина на лице кое стои пред и во иста линија со сечилото.
- – Држете ги дланките прстите и рацете подалеку од ротирачкото сечило за пила.

Притоа внимавајте на следниве напомени:
- – Предметот за обработка држете го безбедно со двете раце и цврсто притиснете го на столот на пилата.
- – Секогаш користете ја подвижната водечка летва за тесни делови за обработка и за сечење вертикални агли на закосување **(15)**.

**Максимални димензии на делот што се обработува**

| вертикален агол на закосување | макс. висина на делот што се обработува [mm] |
|---|---|
| 0° | **80** |
| 45° | **55** |

## Сечење

**Сечење на прави резови**

- – Поставете го паралелниот граничник **(9)** на саканата ширина на резот.
- – Поставете го делот што се обработува на масата за сечење пред заштитниот поклопец **(6)**.
- – Подигнете го или спуштете го сечилото за пила со курблата **(17)** додека горните запци на сечилото за пила **(28)** не се најдат околу 3–6 mm над делот што се обработува.
- – Вклучете го електричниот алат.
- – Сечете го делот што се обработува со ист притисок. Ако извршите премногу притисок, шилците на сечилото за пила може да се прегреат и да се нанесе штета на делот што се обработува.
- – Исклучете го електричниот алат и почекајте додека сечилото за пила не дојде целосно во состојба на мирување.

**Сечење на вертикални агли на закосување**

- – Поставете го саканиот вертикален агол на закосување на сечилото за пила.
  Кога сечилото за пилата е навалено налево, паралелниот граничник **(9)** мора да биде од десната страна на сечилото за пила.
- – Следете ги работните чекори според: (види „Сечење на прави резови“, Страница 25)

**Сечење со хоризонтален агол на закосување (види слика H)**

- – Поставете го саканиот хоризонтален агол на закосување на аголниот граничник **(3)**.
- – Поставете го делот за обработка на профилната шина **(50)**.
  Профилот не смее да се наоѓа во линијата на сечење. Во ваков случај олабавете ги пеперутка-навртките **(51)** и поместете ја профилната шина.
- – Подигнете го или спуштете го сечилото за пила со курблата **(17)** додека горните запци на сечилото за пила не се најдат околу 3–6 mm над делот што се обработува.
- – Вклучете го електричниот алат.
- – Притиснете го делот што се обработува со едната рака на профилната шина и со другата рака полека притиснете го аголниот граничник на копчето за фиксирање **(59)** нанапред во водечкиот жлеб **(5)**.
- – Исклучете го електричниот алат и почекајте додека сечилото за пила не дојде целосно во состојба на мирување.

## Проверка и подесување на основните поставки

За гарантирање на прецизни резови мора да ги проверите основните поставки по интензивно користење на електричниот алат и евентуално да ги подесите.
За тоа ви е потребно искуство и соодветен специјален алат.

Сервисната служба на Bosch оваа работа ја води прецизно и доверливо.

**Подесување на вертикалните граничници за стандарден агол на закосување 0°/45°**

- Подесете го електричниот алат во работна позиција.
- Поставете еден вертикален агол на закосување на сечилото за пила од 0°.

**Проверка (види слика I1)**

- Поставете го аголното мерило на 90° и ставете го на масата за сечење **(4)**.

Кракот на аголното мерило мора да биде прецизен по целата должина со сечилото за пила **(28)**.

**Подесување (види слика I2)**

- Олабавете ја завртката **(63)**. На тој начин ќе може да се помести 0°-граничникот **(24)**.
- Олабавете го лостот за блокада **(16)**.
- Поместувајте го рачното тркало **(18)** кон 0°-граничникот, додека кракот на аголното мерило не биде рамен по целата должина на сечилото за пила.
- Држете го рачното тркало во оваа позиција и повторно затегнете го лостот за блокада **(16)**.
- Повторно затегнете ја завртката **(63)**.

Доколку по подесувањето агломерот **(58)** не е во линија со 0°-ознаката на скалата **(23)**, олабавете ја завртката **(64)** со обичен крстест одвртувач и насочете го агломерот по должина на 0°-ознаката.

Повторете ги горенаведените работни чекори соодветно за вертикален агол на закосување од 45° (олабавете ја завртката **(65)**; поместете го 45°-граничникот **(22)**). Притоа агломерот **(58)** не смее повторно да се поместува.

**Паралелност на сечилото за пила со водечките жлебови на аголниот граничник (види слика J)**

- Подесете го електричниот алат во работна позиција.

**Проверка**

- Со молив означете го првиот лев забец на пилата, којшто може да се види одзади над додатокот за маса.
- Поставете го аголното мерило на 90° и наместете го на работ на водечкиот жлеб **(5)**.
- Поместувајте го кракот на аголното мерило додека не ги допре означените запци на пилата и прочитајте го растојанието помеѓу сечилото за пила и водечкиот жлеб.
- Вртете го сечилото за пила додека означениот забец не застане однапред над додатокот за маса.
- Поместувајте го аголното мерило по должина на водечкиот жлеб до означениот забец на пилата.
- Повторно измерете го растојанието меѓу сечилото за пила и водечкиот жлеб.

Двете измерени растојанија мора да бидат идентични.

**Подесување**

- Олабавете ги завртките со внатрешна шестаголна глава **(66)** напред под масата за сечење и завртките со внатрешна шестаголна глава **(67)** назад под масата за сечење со помош на клуч со внатрешна шестаголна глава.
- Внимателно движете го сечилото за пила додека не дојде паралелно со водечкиот жлеб **(5)**.
- Повторно затегнете ги сите завртки **(66)** и **(67)**.

**Подесување на показателот на растојание на масата за сечење (види слика K)**

- Позиционирајте го паралелниот граничник десно од сечилото за пила.
  Поместувајте го паралелниот граничник додека ознаката на лупата **(61)** не покаже на долната скала **28** cm.
  За фиксирање, повторно притиснете ја затезната дршка **(43)** надолу.
- Повлечете ја затезната рачка **(20)** целосно нагоре и извлечете го проширувањето на масата за сечење **(10)** нанадвор до крај.

**Проверка**

Показателот на растојание **(62)** на скалата **(2)** мора да покажува идентична вредност како ознаката на лупата **(61)** на скалата **(1)**.

**Подесување**

- Повлечете го проширувањето на масата за сечење **(10)** нанадвор до крај.
- Олабавете ја завртката **(68)** со крстест одвртувач и насочете го показателот на растојание **(62)** по должина на **28**-cm ознаката на горната скала **(1)**.

**Подесување на паралелноста на паралелниот граничник (види слика L)**

- Подесете го електричниот алат во работна позиција.
- Отстранете ја неповратната блокада **(7)** и отворете го заштитниот поклопец **(6)** наназад.
- Олабавете ја затезната дршка **(43)** на паралелниот граничник и поместувајте ја додека не го допре сечилото за пила.

**Проверка**

Паралелниот граничник **(9)** мора да го допира сечилото за пила по целата должина.

**Подесување**

- Олабавете ги завртките со внатрешна шестаголна глава **(69)** со клуч со внатрешна шестаголна глава.
- Внимателно поместувајте го паралелниот граничник **(9)**, додека не го допре сечилото за пила по целата должина.
- Држете го паралелниот граничник во оваа позиција и повторно притиснете ја затегнувачката дршка **(43)** надолу.
- Повторно цврсто затегнете ги завртките со внатрешна шестаголна глава **(69)**.

**Подесување на лупата на паралелниот граничник (види слика L)**

- Подесете го електричниот алат во работна позиција.
- Отстранете ја неповратната блокада **(7)** и отворете го заштитниот поклопец **(6)** наназад.

– Поместувајте го паралелниот граничник **(9)** од десната страна додека не го допре сечилото за пила.

**Проверка**

Ознаката на лупата **(61)** мора да биде во една линија со 0-mm ознаката на скалата **(1)**.

**Подесување**

– Олабавете ја завртката **(70)** со крстест одвртувач и центрирајте го показателот на агли по должина на 0-mm ознаката.

## Складирање и транспорт

**Чување на елементите на уредот (види слики M – N)**

Електричниот алат Ви нуди можност сигурно да ги прицврстите елементите на уредот при чување.

– Олабавете го дополнителниот паралелен граничник **(47)** од паралелниот граничник **(9)**.
– Сите олабавени делови на уредот ставете ги во депото за чување на куќиштето (види долунаведена табела).

| Слика | Елемент на уредот | Депо за чување |
|---|---|---|
| **M** | Прстенестиот клуч **(35)** | вметнете го во депото за алат **(33)** |
| **M** | Кукастиот клуч/ вилушкастиот клуч **(36)** | вметнете го во депото за алат **(33)** |
| **M** | Неповратната блокада **(7)** | вметнете ја во депото за алат **(33)** |
| **M** | Аголниот граничник **(3)** со профилна шина **(50)** | вовлечете го во држачите на депото **(29)** |
| **N** | Паралелниот граничник **(9)** со монтиран дополнителен паралелен граничник **(47)** | ставете го во депото за алат **(12)** |
| **N** | Подвижната водечка летва **(15)** | вметнете ја во депото за алат **(21)** |

# Одржување и сервис

## Одржување и чистење

▶ **Пред било каква интервенција на електричниот алат, извлечете го струјниот приклучок од ѕидната дозна.**

▶ **Одржувајте ја чистотата на електричниот апарат и отворите за проветрување, за да може добро и безбедно да работите.**

Доколку е потребно користење на приклучен кабел, тогаш набавете го од **Bosch** или специјализирана продавница за **Bosch**-електрични алати, за да избегнете загрозување на безбедноста.

**Чистење**

Отстранете ја правта и струготините со издувување со компресиран воздух или со четка по секоја работна постапка.

**Подмачкување на електричниот алат**



**Средство за подмачкување:**
Моторно масло SAE 10/SAE 20

– По потреба намастете го електричниот алат на означените места.

Овластената сервисна служба на Bosch овие работи ги извршува брзо и сигурно.

**Средството за подмачкување и чистење отстранете го на еколошки прифатлив начин. Внимавајте на законските прописи.**

**Мерки за намалување на бучавата**

Мерки на производителот:

– Фин старт
– Испорака со сечило за пила специјално развиено за намалување на бучавата

Мерки на корисникот:

– Монтажа без многу вибрации на стабилна работна површина
– Примена на сечила за пила со функција на намалување на бучавата
– Редовно чистење на сечилото за пила и електричниот алат

## Сервисна служба и совети при користење

**Северна Македонија**

Тел.: 02/ 246 76 10

Линкот до нашите адреси за сервис и гарантни услови може да ги најдете на последната страница.

За сите прашања и нарачки на резервни делови, Ве молиме наведете го 10-цифрениот број од спецификационата плочка на производот.

## Отстранување

Електричните алати, опремата и амбалажите треба да се отстранат на еколошки прифатлив начин.



Не ги фрлајте електричните алати во домашната канта за отпадоци!

**Само за земјите од ЕУ:**

Електричната и електронската опрема што веќе не е употреблива мора да се собира посебно и да се фрла на еколошки начин. Користете ги соодветните системи за собирање. Неправилното фрлање може да биде штетно за животната средина и здравјето на луѓето поради можното присуство на опасни материи.



1 600 A02 2D7



2 610 015 508


Ø 28 mm:
2 608 000 772 (3.2 m)
GAS 18V-12 MC
Ø 28 mm:
2 608 000 885 (4 m)
GAS 12-40 MA
GAS 35 M AFC
Ø 22 mm:
2 608 000 567 (5 m)
Ø 35 mm:
2 608 000 565 (5 m)
GAS 55 M AFC
ANTISTATIC
Ø 22 mm:
2 608 000 568 (5 m)
Ø 35 mm:
2 608 000 566 (5 m)

Servicekontakte
Service Contacts
Contacts de Service
Contactos de Servicio

https://www.bosch-pt.com/serviceaddresses

Garantiebedingungen
Guarantee Conditions
Conditions de Garantie
Condiciones de Garantía

https://www.bosch-pt.com/guarantee/202507